**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**[1]
**Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски**[2]

**ПРИКАЗ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА**

# GATHERING OF ELECTRONIC EVIDENCE FROM ONLINE PROVIDERS IN ADMINISTRATIVE PUNITIVE PROCEEDINGS (S. Tosza, S. Lannier, Eds.)

**1.19. Приказ на книга**
**УДК 343.14]:35.077.2/.3(049.3)**
**УДК 343.14]:343.53(049.3)**

Публикацијата „Собирање на електронски докази од даватели на онлајн услуги на податоци во административна казнена постапка“ произлегла како резултат на проектот финансиран од Европската комисија/Генерален директорат за Европска канцеларија за борба против измами во рамките на EUAF-2022-TRAI, во рамките на акцијата: „Собирање електронски докази за административни истраги – компаративна студија на правото и праксата – ELEVADMIN“. Според мислењето на уредниците на публикацијата, проектот ELEVADMIN бил инициран со цел да го адресира недоволно истраженото прашање во однос на собирањето електронски докази од даватели на онлајн услуги во административни казнени истраги. Иако електронските докази се широко анализирани во контекст на кривични истраги, нивната улога во административното постапување, особено во рамките на институциите на ЕУ и земјите членки, била оценета како недоволно проучена. Проектот бил насочен кон истражување на правните основи, практичните механизми и институционалните капацитети за барање електронски докази од давателите на онлајн услуги со посебен фокус на улогата на Европската канцеларија за борба против измами (OLAF). Оваа цел на проектот е особено релевантна во контекст на согледување на импликациите од проширувањето на овластувањата на OLAF, од една страна, и обезбедување усогласеност со основните права и процедуралните заштитни мерки, од друга страна.

---

[1] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: g.lazetic@pf.ukim.edu.mk
[2] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Институт за казнено право. Е-пошта: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk

Во рамките на публикацијата, на повеќе од 470 страници, во вкупно 14 поглавја, каде што со свој придонес, освен уредниците што воедно се автори и коавтори на неколку поглавја, учествуваат уште 21 автор, содржан е компаративен приказ на проблематиката во однос на собирањето електронски докази од даватели на онлајн услуги за потребите на административната казнена постапка.

Анализата се фокусира на пет клучни домени на административното казнено постапување, имено, на царините, данокот на додадена вредност (ДДВ), законот за конкуренција, заштитата на податоци и надзорот на финансискиот пазар, а сите национални извештаи се изготвени согласно претходно подготвен прашалник, со што е избран соодветен методолошки пристап што овозможува изедначеност во структурата на поглавјата и компарабилност на текстовите. Според мислењето на уредниците на публикацијата, петте области на кои се фокусира анализата биле избрани поради нивната релевантност за заштита на финансиските интереси на ЕУ и нивните различни степени на разликување и преклопување помеѓу механизмите за административно, надзорно и кривично постапување.

Според тематиката разработена во поглавјата, публикацијата би можело да се подели во четири дела: i. воведни согледувања; ii. аспекти поврзани со Европската Унија; iii. национални прикази од европските држави; и iv. сумирана компаративна анализа на правото и практиката и препораки за политики.

Во воведните согледувања, уредниците на публикацијата детално се осврнуваат на она што е во фокусот на сите ЕУ и национални реферати, а, имено, расветлување на аспектите поврзани со електронските докази во административните истраги.

Во вториот дел, посебен предмет на анализа е собирањето електронски докази за административните казнени постапки во ЕУ и во однос на заштитата на финансиските интереси на ЕУ.

Третата целина на реферати се однесува на приказ на националните законодавства и практики во некои држави членки на ЕУ: Белгија, Финска, Франција, Германија, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија и Полска. Секој од националните осврти содржи историски пристап во собирањето на податоците во наведените области од нивно собирање на самото место во текот на 90-тите години од XX век, па преку прифаќањето на новите технолошки можности до денешната реалност на собирање на податоците од давателите на

онлајн услуги. Различните анализирани држави имале различен пристап и динамика на приспособување на новите технолошки можности, а меѓу нив особено се издвојува Ирска, како држава што прераснала во центар каде што седиште имаат разни меѓународни даватели на онлајн услуги. Притоа, иако законодавната рамка во Ирска претрпела значителна еволуција под влијание на развојот на правото на ЕУ, сè уште отсуствува сеопфатна општа рамка. Всушност, целта на компаративните прикази и анализи е насочена кон можностите на административните власти во петте анализирани области да собираат податоци од други субјекти и провајдери. Компаративната анализа покажува дека најдоследна во поделбата на недозволените дејства е Германија, каде што јасно се одделени кривичните дела што се предмет на задолжително гонење од страна на кривичните органи на прогонот, додека, пак, регулаторните прекршоци спаѓаат под административно постапување, каде што целисходноста е водечки принцип. За разлика од Германија, Белгија ги комбинира овие пристапи, при што механизмите за спроведување варираат во различни сектори во зависност од специфичното законодавство и соодветните практики, додека, пак, во Холандија и во Италија постои двоен систем што им овозможува на властите да изберат помеѓу административна или кривична постапка врз основа на природата на делото. Од наведеното во публикацијата произлегува дека во однос на некои прашања, како што е финансискиот надзор, во некои држави не се прави јасна поделба и им се дозволува на властите непречено да преминат од надзор кон истрага. Нејасната поделеност на областа во која се постапува е особено релевантна кога административните тела имаат свои истражни единици – како што се царинските служби или даночните власти што се способни да ги применуваат кривичните процесни правила, кога е потребно тоа.

Публикацијата завршува со сумирана компаративна анализа на правото и практиката и препораки за политики. Во рамките на препораките од уредниците што се и автори на ова поглавје, содржани се вкупно 10 препораки, од кои четири се општи препораки: да се воспостави јасна правна основа за пристап до електронски докази од страна на административните власти; да се препознаат барањата за податоци како административни одлуки со процедурални заштитни мерки; да се бара независен или судски надзор за наметливите барања за податоци; и да се разјаснат прифатливоста и преносот на доказите. Понатаму, дефинирани се три препораки во однос на тековната легислативна рамка на OLAF – искористување на националните правни рамки преку соработка; изготвување

внатрешни упатства за доброволна соработка со давателите на онлајн услуги; и подобрување на механизмите за трансфер на докази. Со цел унапредување на правната рамка, содржани се и три препораки во однос на измена на легислативната рамка на OLAF – воведување специфична правна основа за пристап; дефинирање процедурални заштитни мерки и механизми за надзор; електронски докази од давателите на јавни услуги; и овозможување прекугранично спроведување и меѓусебно признавање.

Со оглед на тематиката што е содржана во оваа публикација, јасно произлегува нејзиниот огромен придонес во расветлувањето на прашањата поврзани со разликите, сличностите, преклопувањата и замаглување на линијата помеѓу кривичното и административното постапување, особено имајќи ги предвид административните органи што имаат надлежност за спроведување истраги во определени области.

Дадените препораки се должат на согледувањата што се добиваат од националните реферати во однос на аспектите поврзани со ЕУ и нејзиното влијание врз националните законодавства, но и разликите во правната рамка и практиките на државите опфатени со оваа публикација. Завршниот дел содржи детална компаративна анализа врз основа на сите специфики, сличности и разлики во законодавствата, регулативата и практиката во опфатените држави членки на ЕУ. Препораките треба да се сфатат како патоказ не само во однос на постојната правна рамка, туку и во однос на подобрувањето на правната рамка на OLAF.

Публикацијата е достапна на:

**https://orbilu.uni.lu/bitstream/10993/65423/1/Gathering%20Electronic%20Evidence%20from%20Private%20Actors_final.pdf**

**Prof. Dr. Gordana Lažetić**[3]
**Prof. Dr. Aleksandra Gruevska Drakulevski**[4]

## REVIEW OF THE PUBLICATION

## GATHERING OF ELECTRONIC EVIDENCE FROM ONLINE PROVIDERS IN ADMINISTRATIVE PUNITIVE PROCEEDINGS (S.Tosza, S.Lannier, Eds.)

**1.19. Book Review**
**UDK**

The publication "Collecting electronic evidence from online providers in administrative punitive proceedings" is a result of a project funded by the European Commission/Directorate-General for European Anti-Fraud Office under EUAF-2022-TRAI, within the action: "Collecting electronic evidence for administrative investigations – a comparative study of law and practice - ELEVADMIN". According to the editors of the publication, the ELEVADMIN project was initiated in order to address the insufficiently researched issue regarding the collection of electronic evidence from online data service providers in administrative criminal investigations. Although electronic evidence has been widely analyzed in the context of criminal investigations, its role in administrative proceedings, especially within the EU institutions and Member States, has been assessed as insufficiently studied. The project aimed to explore the legal bases, practical mechanisms and institutional capacities for requesting electronic evidence from online service providers with a particular focus on the role of the European Anti-Fraud Office (OLAF). This project objective is particularly relevant in the context of considering the implications of expanding OLAF's powers on the one hand and ensuring compliance with fundamental rights and procedural safeguards on the other.

[3] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: g.lazetic @pf.ukim.edu.mk
[4] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law. E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk

The publication is available at:

https://orbilu.uni.lu/bitstream/10993/65423/1/Gathering%20Electronic%20Evidence%20from%20Private%20Actors_final.pdf